**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Градоналник на Општина Велес
Бр.08-1955/1
16.04.2026 година
Велес

До
Советот на Општина Велес

ИНФОРМАЦИЈА
за реализација на паркинг простор на ГП 84 согласно
ДУП: за УЕ 1, УБ 10 Велес

Општина Велес на Советот на Општина Велес му доставува информација дека Општина Велес како надлежен орган ќе започне со постапка за реализација на изградба на паркинг простор на Градежна парцела број 84 , Катастарска парцела број 1518/2 за КО Велес, Општина Велес, во сопственост на Република Северна Македонија, запишана во Имотен лист број 12029 КО Велес, со површина од 967м2, на ул.“Методија Андонов Ченто“, која со Детален урбанистички план за Урбана Единица 1, УБ 10 Велес, донесен со Одлука на Советот на Општина Велес 27- 679/3 од 01.02.2016 година, е предвидена како паркинг простор за 49 (четириесет и девет) паркинг места.

Потребата за спроведување на горенаведениот Детален урбанистички план и реализација на истиот во однос на предвидениот паркинг простор на Градежната парцела број 84, КП број 1518/2 КО Велес, се јавува од недостигот на соодветни паркинг места во оваа урбана единица, која се карактеризира со голема густина на население и ограничен простор, со голем број на возила кои секојдневно ги користат јавните површини и улици за паркирање, со што директно влијае на функционирањето на сообраќајот и безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Изградбата на паркинг просторот ќе придонесе за поуреден и поквалитетен живот на граѓаните на Велес, подобрување на урбаната мобилност и ќе се овозможи ефикасно користење на просторот, со што ќе се намали сообраќајниот хаос во овој дел на градот.

**Прилог:**Графички прилог

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил:Марија Цилакова
Одобрил:Роза Здравева

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*



ULICA JNA
BET 1200
ULICA JNA